РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE

УП1 Број: / Numer: 03-128
13.05.2026 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25), а во врска со член 55 став 1 од цитираниот Закон, точка 6 и 14 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-4241/1 од 1.10.2025 година, Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-1865/1 од 23.4.2026 г. и Заклучокот арх.бр.02-2063/7 од 12.5.2026 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 17 седница одржана на 12.5.2026 година, го донесе следното

# Решение
## за преземање мерка – јавна опомена

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Јавното радиодифузно претпријатие (ЈРП) МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1), заради извршена повреда на член 55 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на начин што радиодифузерот во рамките на својот телевизиски програмски сервис, емитуван на 23, 25, 27 и 29 март и на 8, 10 и 12 април 2026 година, во премиерни и репризни изданија на програмата за деца „Музичка фабрика“, ја користеше аудиовизуелната комерцијална комуникација „пласирање производи“, која не е дозволена во програми за деца.

   Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-1865/1 од 23.4.2026 г., кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Јавното радиодифузно претпријатие (ЈРП) МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1), во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на ова Решение да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата).

## Образложение

Агенцијата врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ) е надлежна да врши програмскиот надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од овој закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата против издавач на медиум (радиодифузер) презема мерка - јавна опомена во случаите кога е извршена повреда или прекршување на одредбите од ЗАВМУ и подзаконските акти донесени врз основа на истиот Закон, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Согласно член 55 став 1 од ЗАВМУ, пласирањето производи е дозволено во сите видови аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со исклучок на вестите и програми посветени на актуелни прашања и теми, програми посветени на прашања поврзани со потрошувачите, верски програми и програми за деца.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата преку Секторот за програмски работи, на 23 април 2026 г., изврши вонреден, програмски надзор (мониторинг) врз телевизискиот програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие (ЈРП) МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1), во периодот од 23 до 29 март и од 6 до 12 април 2026 г., на државно ниво, при што констатирано е прекршување на членот 55 став 1 од ЗАВМУ.

Имено, со надзорот е констатирано дека на 23, 25, 27 и 29 март и на 8, 10 и 12 април 2026 г., Јавното радиодифузно претпријатие (ЈРП) МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1), на посочените датуми од март и април 2026 година, во временските периоди наведени во табелата од предметниот Писмен извештај, на МРТ1 беа емитувани премиерни и репризни изданија на програмата за деца - „Музичка фабрика“, класифицирана како - реално музичко-шоу за избор на деца-пејачки таленти, во кои спротивно на член 55 став 1 од ЗАВМУ се користеше аудиовизуелната комерцијална комуникација „пласирање производи“, чие користење не е дозволено во програми за деца. Во дејствието на програмата за деца „Музичка фабрика“ беа вградени производи, услуги и заштитни знаци на: - „Пелистерка“ (шишиња вода); - „Витаминка“ (смоки / чоко-флипс); - „Тазе“ (пуканки и заштитен знак на фирмата втиснат на приврзокот од идентификациските картички на учесниците); - „ЕАМ“ (дуксери); како и заштитните знаци на фирмите - „Триглав“ и „Халкбанк“, втиснати било врз амбиентални светилки што се дел од сценографијата за емисијата, било врз приврзокот од идентификациските картички на учесниците. Како што е дообјаснето во точката 7 од Упатството за примена на одредбите за пласирање производи – „програми за деца се видовите програми со информативна, образовна и забавна функција, во чиешто дејствие учествуваат деца и /или дејствието е наменето за деца до 12 годишна возраст“.

Повредата од точка 1 од ова Решение, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-1865/1 од 23.4.2026 г., кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Согласно член 23 став 3 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата до Јавното радиодифузно претпријатие (ЈРП) МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1) на 27.4.2026 г., испрати Допис арх.бр.10-1865/2 од 27.4.2026 г., со кој му го достави Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-1865/1 од 23.4.2026 г., со цел во рок од 7 (седум) работни денови од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од ЗАВМУ. Дописот беше уредно примен од страна на радиодифузерот на 27.4.2026 година. Во предвидениот рок, Јавното радиодифузно претпријатие (ЈРП) МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1), не се изјасни за стореното прекршување на одредбите од ЗАВМУ. Советот на Агенцијата на седницата одржана на 12.5.2026 г., го разгледа предметниот Писмен извештај и заклучи на Јавното радиодифузно претпријатие (ЈРП) МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1) да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, а во врска со член 55 став 1 од цитираниот Закон, точка 6 и 14 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка, Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-1865/1 од 23.4.2026 г. и Заклучокот арх.бр.02-2063/7 од 12.5.2026 г., поради констатирано непочитување на одредбите од ЗАВМУ, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата на седницата одржана на 12.5.2026 г., донесе Решение со кое јавно се опоменува Јавното

радиодифузно претпријатие (ЈРП) МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1) и му се наложува, во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на Решението, да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 од ЗАВМУ, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-1865/1 од 23.4.2026 г.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, претседател на Совет,**

**м-р Сашо Стефановски**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**

- ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1);
- Директорот на ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1);
- Одговорното лице на програмата во ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1);
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Секторот за програмски работи и
- Назначените лица во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25), се доставува:

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 23.04.2026 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 10 | 1865/1 | | |


## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** вонреден по службена должност;

2. **Субјект на надзорот:** Јавно радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Прв програмски сервис (МРТ1);

3. **Период опфатен со надзорот:** од 23 до 29 март и од 6 до 12 април 2026 година;

4. **Датум на извршување на надзорот:** 23 април 2026 година;

5. **Предмет на надзорот:**

- **Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (заштита на малолетните лица од програми што би можеле да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој);
- **Член 50-а од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (заштита на личните податоци на малолетните лица);
- **Правилник за заштита на малолетните лица – пречистен текст** (Бр. 01-4898/1 од 22.11.2024)
- **Членовите 53, 54, 55, 98, 99 и 101 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (правила за емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации);
- **Упатство за примена на одредбите за пласирање производи - пречистен текст** (Бр. 01-2970/1 од 05.07.2024);
- **Правилник за спонзорство – пречистен текст** (Бр. 01-4897/1 од 22.11.2024);
- **Правилник за нови рекламни техники** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/15);
- **Член 52 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (обврски при обезбедување квизови или други облици на наградно учествување);
- **Член 93 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање);
- **Правилник за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 185/14);

- **Член 94 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (емитување игри на среќа) („Службен весник на Република Македонија" бр. 185/14).

6. **Претходно изречена мерка: /**

7. **Констатации од надзорот:**

Со вондредниот програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Прв програмски сервис (МРТ1), на 23, 25, 27 и 29 март и на 8, 10 и 12 април 2026 година, **констатирано е прекршување на член 55 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ) –** *„Пласирањето производи е дозволено во сите видови аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со исклучок на вестите и програми посветени на актуелни прашања и теми, програми посветени на прашања поврзани со потрошувачите, верски програми и програми за деца".*

На посочените датуми од март и април 2026 година, во временските периоди наведени во табелите подолу, на МРТ1 беа емитувани премиерни и репризни изданија[1] на програмата за деца - „Музичка фабрика", класифицирана[2] како - реално музичко-шоу за избор на деца-пејачки таленти, во кои спротивно на член 55 став 1 од ЗААВМУ се користеше аудиовизуелната комерцијална комуникација „пласирање производи", чие користење не е дозволено во програми за деца. Во дејствието на програмата за деца „Музичка фабрика" беа вградени производи, услуги и заштитни знаци на: - „Пелистерка" (шишиња вода); - „Витаминка" (смоки / чоко-флипс); - „Тазе" (пуканки и заштитен знак на фирмата втиснат на приврзокот од идентификациските картички на учесниците); - „ЕАМ" (дуксери); како и заштитните знаци на фирмите - „Триглав" и „Халкбанк", втиснати било врз амбиентални светилки што се дел од сценографијата за емисијата, било врз приврзокот од идентификациските картички на учесниците. Како што е дообјаснето во точката 7 од Упатството за примена на одредбите за пласирање производи – *„програми за деца се видовите програми со информативна, образовна и забавна функција, во чиешто дејствие учествуваат деца и /или дејствието е наменето за деца до 12 годишна возраст".*

**од 23 до 29 март 2026 година**

| **Датум** | **Наслов на емисијата - „Музичка фабрика"** | **Период на емитување** | |
|---|---|---|---|
| | | **Почеток** | **Крај** |
| 23 март | Петта епизода во Скопје | 18:56:05 | 19:26:34 |
| 25 март | Последна епизода во Скопје | 19:01:16 | 19:26:10 |
| 27 март | Прва епизода во Битола | 18:58:32 | 19:28:23 |
| 29 март | Реприза од петтата епизода во Скопје | 14:57:46 | 15:28:06 |
| | Реприза од последната епизода во Скопје | 15:28:07 | 15:53:01 |
| | Реприза од првата епизода во Битола | 15:53:02 | 16:23:55 |

[1] Вообичаено, епизодите од реалното музичко-шоу на МРТ1 се емитуваат во понеделник, среда и во петок, со репризи во сабота, меѓутоа во предвидениот термин за 6 април (понеделник) беше емитуван пренос од свеченоста за одбележување на 75-годишнината на Државниот архив на Р.С. Македонија;

[2] Упатство за начинот на класификација на видовите аудиовизуелни и аудио програми бр. 01-5740/1 од 19.11.2014 година;

**од 6 до 12 април 2026 година**

| Датум | Наслов на емисијата - „Музичка фабрика“ | Период на емитување | |
|---|---|---|---|
| | | Почеток | Крај |
| 8 април | Прва епизода од аудицијата во студио М1 на МРТ | 18:57:51 | 19:26:17 |
| 10 април | Втора епизода од вториот круг аудиција во студиото М1 на МРТ | 18:54:43 | 19:23:11 |
| 12 април | Реприза од првата епизода од аудицијата во студио М1 на МРТ | 13:30:34 | 13:59:04 |
| | Реприза од втората епизода од вториот круг аудиција во студиото М1 на МРТ | 13:59:04 | 14:27:30 |

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на членот 55 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,** телевизискиот програмски сервис на ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Прв програмски сервис (МРТ1), во премиерни и репризни изданија на програмата за деца „Музичка фабрика“, емитувани на 23, 25, 27 и 29 март и на 8, 10 и 12 април 2026 година, ја користеше аудиовизуелната комерцијална комуникација „пласирање производи“, која не е дозволена во програми за деца.

9. **Предлог мерка:**

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Прв програмски сервис (МРТ1), и согласно со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр. 01-4241/1 од 01.10.2025 година, да му наложи во рок од 20 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***